| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 742 | - - Еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно работно ангажирање под услови утврдени со закон (< или = АОП 217 од БУ) | 672.775,00 | | | |
| 745 | - - Помошти (< или = АОП 217 од БУ) | 266.791,00 | | | 259.232,00 |
| 746 | - - Појачана исхрана (< или = АОП 217 од БУ) | | | | 21.923,00 |
| 747 | - - Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ) | 490.418,00 | | | 356.785,00 |
| 748 | - - Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ) | 361.962,00 | | | 232.887,00 |
| 749 | - - Надомести на трошоците на вработените и подароци (< или = АОП 217 од БУ) | 893.724,00 | | | 251.590,00 |
| 753 | - - Трошоци за организирана исхрана во текот на работа (< или = АОП 217 од БУ) | 222.755,00 | | | |
| 757 | - - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители | 1.333.057,00 | | | 538.099,00 |
| 758 | - - Трошоци за спонзорства (< или = АОП 212 од БУ) | 1.202.672,00 | | | 1.540.854,00 |
| 759 | - - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ) | 667.132,00 | | | 428.167,00 |
| 760 | - - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ) | 3.783.681,00 | | | 3.297.533,00 |
| 761 | - - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ) | 203.807,00 | | | 195.110,00 |
| 762 | - - Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ) | 125.422,00 | | | 125.422,00 |
| 763 | - - Придонеси кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ) | 242.344,00 | | | 273.701,00 |
| 764 | - - Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ) | 75.089,00 | | | 67.582,00 |
| 765 | - - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ) | 4.020.012,00 | | | 3.075.067,00 |
| 766 | - - Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ) | 2.305.513,00 | | | 927.199,00 |
| 767 | - - Надоместоци за штети (< или = АОП 222 од БУ) | 2.305.444,00 | | | 926.554,00 |
| 771 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 238,00 | | | 225,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2037 | - 03.12 - Риболов во слатководни води | 541.271,00 | | | |
| 2039 | - 03.22 - Слатководна аквакултура | 17.752.882,00 | | | |
| 2285 | - 35.11 - Производство на електрична енергија | 24.785.800,00 | | | |
| 2293 | - 36.00 - Собирање, обработка и снабдување со вода | 179.960.651,00 | | | |
| 2445 | - 56.30 - Подготовка и послужување на пијалаци | 416.313,00 | | | |
| 2500 | - 71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување | 490.279,00 | | | |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

## Годишен извештај за работење

ЈП стрежево
Bitola

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТРЕЖЕВО“
# ВО 2016 ГОДИНА



**БИТОЛА, МАРТ 2017 ГОДИНА**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ ВО 2016 ГОДИНА**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
“СТРЕЖЕВО“
БР 02-158/6
10.03. 2017 ГОД.
БИТОЛА

Изработиле:

*Шеф на сметководство*
*Грујовска Мимоза*
*дипл.економист*

*Сам.реф.за план и анализа*
*Ангелевски Љупчо*
*дипл.економист*

Одобрил:

*Директор*
*Марјан Ѓероски*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола

# С О Д Р Ж И Н А


- Основни податоци за ЈП „Стрежево“ - Битола
- Организациона поставеност
- Извршени работи во 2016 година по сектори
- Испорачана и вкупно потрошена количина на вода во 2015 и 2016 година
- Ценовници за извршени водостопански услуги во 2016 година
- Финансиска состојба на ЈП „Стрежево“ во 2015 и 2016 година
- Анализа на работењето - Хидроцентрали
- Анализа на работењето - Рибарство - аквакултура
- Анализа на работењето - Спортски објекти
- Заклучно мислење

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА

ЈП „Стрежево“ - Битола се конституира како правен субјект уште во далечната 1978 година за долгорочно решавање на проблемот со недостиг од вода на градот Битола и поширокиот регион. Со изградбата на Собирниот канал, Браната „Стрежево“ со придружните објекти, Главниот доводен канал, Деталната цевководна мрежа и останатите хидротехнички објекти и инфраструктура потребни за нормално функционирање на Хидросистемот „Стрежево“, се овозможи акумулирање на над 120.000.000 м$^3$ вода во акумулацијата „Стрежево“ и одведување на водата до водокорисниците. Од 13.11.2001 година како правен субјект за вршење на дејности од јавен интерес, со одлука на Владата на Република Македонија број 23-6635/02, претпријатието се трансформира во Јавно Претпријатие „Стрежево“ - Битола.

Од надлежностите кои произлегуваат од вршењето на водостопанската дејност на ЈП „Стрежево“ за економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системот, произлегуваат и целите и задачите на јавното претпријатие:

- Зафаќање и доведување на водите до акумулацијата;
- Снабдување со вода за наводнување и останати технолошки потреби на ЗК „Пелагонија“ и останати земјоделско - сточарски корисници;
- Снабдување со сурова непреработена вода на комуналното претпријатие ЈП „Водовод“, за понатамошно задоволување на потребите на населението и индустријата од вода за пиење и технолошка вода;
- Снабдување со сурова непреработена вода за индустриски и технолошки потреби на РЕК „Битола“ и останати дирекни индустриски корисници; ;

Развојната политика на претпријатието за максимално искористување на водите, како и ресурсите со кои располага претпријатието, се движеше во насока на искористување на хидропотенцијалот на водите за производство на електрична енергија, при што се изградени пет хидроцентрали со вкупна инсталирана снага од 3,71 MW и проектирано годишно производство од 11.220.000 kWh електрична енергија.

Една од дејностите која ги врши претпријатието е рибарство и аквакултура т.е. производство и продажба на виножитна пастрмка, продажба на други видови на риба, конзервирана риба и производи од риба.

ЈП „Стрежево“ стопанисува и со објекти за спорт и рекреација, ски лифтови, чајџилница, базен и останати спортски објекти.

Управувањето на претпријатието го врши Управен одбор составен од седум членови, Претседател кој добива 12.000 денари месечен паушал, и шест членови кои добиваат по 10.000 денари месечен паушал. Надзорниот одбор е составен од пет членови, Претседател кој добива 12.000 денари месечен паушал, и четири членови кои добиваат по 10.000 денари месечен паушал. Именувани се од Владата на Република Македонија.

Со јавното претпријатие раководи Директор на претпријатието, избран на конкурс распишан од Управниот одбор.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

За ефикасно, рационално и успешно работење, Јавното претпријатие „Стрежево“ организирано е во повеќе сектори и одделенија со посебни задачи и активности, и тоа:

## МЕНАЏМЕНТ

## ТЕХНИЧКИ СЕКТОР:

1. Алиментационен канал
2. Брана „Стрежево“
3. Главен доводен канал
4. Детална цевководна мрежа
5. Машинство
6. Управување и информатика
7. Информатички технологии)
8. Енергетика и одржување на електрика
9. Градежно одржување
10. Развој
11. Заштита на водите и хидрометеоролошки работи
12. Обезбедување
13. Рибник

## СЕКТОР АДМИНИСТРАЦИЈА

1. Општи и правни работи
2. Финансии и книговодство
3. Комерција
4. Експлоатација
5. Јавни набавки
6. Безбедност при работа

## КАДРОВСКА ОПРЕМЕНОСТ

Извршувањето на поставените задачи и успешноста зависи од сите вработени во ЈП „Стрежево“, чија структура е сликовито претставена во следните табели:

## *Структура на вработени според степенот на образование заклучно со 31.12.2016 год.*

| Ред. Бр. | Опис | Број на вработени | % учество во вкупен број на вработени |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| 1 | Докторат | 1 | 0,43 |
| 2 | Магистри | 18 | 7,69 |
| 3 | ВСО | 43 | 18,38 |
| 4 | ВШО | 11 | 4,70 |
| 5 | ССО | 131 | 55,98 |
| 7 | ВКВ | 5 | 2,14 |
| 8 | НКВ и основно образование | 25 | 10,68 |
| | | | |
| | **Вкупно** | **234** | **100,00** |

## Број на вработени по сектори и одделенија заклучно со 31.12.2016 год.

| Ред. Бр. | Опис | Број на вработени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Менаџмент** | **6** |
| | | |
| | **Сектор администрација** | **61** |
| | | |
| 1 | Општи и правни работи | 14 |
| 2 | Финансии и книговодство | 13 |
| 3 | Комерција | 10 |
| 4 | Експлоатација | 16 |
| 5 | Јавни набавки | 5 |
| 6 | Безбедност при работа | 3 |
| | | |
| | **Технички сектор** | **167** |
| | | |
| 1 | Алиментационен канал | 6 |
| 2 | Брана Стрежево | 9 |
| 3 | Главен доводен канал | 22 |
| 4 | Детална цевководна мрежа | 39 |
| 5 | Машинство | 34 |
| 6 | Управување и информатика | 7 |
| 7 | Информатички технологии | 5 |
| 8 | Енергетика и одржување на електрика | 9 |
| 9 | Градежно одржување | 4 |
| 10 | Развој | 6 |
| 11 | Заштита на водите и хидрометеоролошки работи | 6 |
| 12 | Обезбедување | 11 |
| 13 | Рибник | 9 |
| | | |
| | **Вкупно** | **234** |

## ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО 2016 ГОДИНА ПО СЕКТОРИ

## ТЕХНИЧКИ СЕКТОР

### Алиментационен канал

Вработените во алиментациониот канал во текот на 2016 година во рамките на своите работни задачи и обврски ги обавуваа следните активности:

- редовна контрола од страна на диспечерско - чуварската служба на зафатните градби и чистење на решетките на зафатите во време на периодот на зафаќање на водите (јануари - мај и октомври - декември), заради максимално прибирање на водните количини од реките и останатите водотеци;
- редовна контрола и одржување на алиментациониот канал со придружните објекти, како и санација на оштетените пристапни патишта;
- редовна контрола на лимниграфите на мерните места;
- сечење на вегетација возводно од зафатната градба на зафат Злокуќани, и зафат Кишава, кои неповолно влијаат врз режимот на течење при големи води;
- сечење на високостеблести и нискостеблести дрвја, косење на трева и чистење на останата вегетација по целата должина на алиментациониот канал, коритата на водотеците, и во близина на останатите придружни објекти;
- чистење на наносениот материјал од коритата на зафатените реки, возводно од зафатните прагови на сите зафати на каналот;
- чистење на наносениот материјал од каналите на зафатните решетки и таложниците на сите зафати на Собирниот канал;
- спроведен надзор на санирањето на свлечиштето на главен доводен канал на км 12+700, од страна на надворешен изведувач „Хидроинженеринг“ - Битола;
- изработка на техничка документација, проекти за цевководи, основен проект за систем за наводнување „Новаци“ - јужен крак и друга документација;
- извештај за испорачана вода на ЈКП „Водовод“ - Битола од собирен канал, биланс на води на алиментационен канал, како и дигитализација на мерените вредности на лимниграфите на мерните места;
- реализација на теренски работи во врска со редовната експлоатација и оскултација на каналот: отворен и затворен дел од алиментациониот канал, зафатни градби на каналот, зафат за ХЕЦ „Филтерница“ и машинска зграда на истата, Горносрбечки порој, мерни прагови и лимниграфи.

### Брана „Стрежево“

Во 2016 година на браната „Стрежево“ активностите беа спроведени во повеќе насоки и тоа:

- секојдневно набљудување на браната, кула зафат, бучница, темелен испуст, галерија, хидроелектроцентрали и останати активности;
- редовно чистење по круната на браната;
- оскултација;
- мерење на притисоците во внатрешните пиезометри во галеријата;
- сервисирање на хидромеханичката опрема и други непредвидени работи.

**Главен доводен канал**

Вработените во главен доводен канал вршеа непрекинато деноноќно дежурство на зафат на река Драгор на зафат Г-0, а од 05 јуни 2016 година се започна со дежурство на СР-12 и со редовна контрола по главен доводен канал. Од 15 јуни се започна со ноќно дежурство на зафат Г-3 и на зафат СР-9 до 21 септември.

Во текот на месеците март и април се изврши внатрешна ревизија и чистење на главниот доводен канал од зафат Драгор до крај. Во текот на месец мај се изврши косење на трева и чистење од секаква вегетација околу објектите на зафатите од главните цевководи. Во месец април се изврши чистење од камења и земја на страничните преливи.

По завршувањето на експлоатационата сезона се изврши сечење на вегетацијата во компензациониот базен на зафатите Г-5 и СР-13.

Во текот на месеците октомври, ноември и декември, беше организирано редовното чистење на слободниот профил на аквадуктите од дрва и густи растенија, се изврши и регулација на устави по зафати на главниот доводен канал согласно потребите на центарот за динамичка регулација.

Во 2016 година се извршени и земјени работи, и тоа:

- чистење и ископ со машина на срушената земја од новопојавеното свлечиште над излезот на временото лимено корито на зафатот Г-0 на 19.01.2016, и перманентно чистење на обрушената земја над капаците од лименото корито до почетокот на сезоната, кога се изврши надвишување на лименото корито за 35 цм, согласно препораките на Градежен Факултет од Скопје;
- поставување и насипување на две дренажни цевки Ø150 мм со должина од 6 метри во кругот на зафатот за РЕК „Битола“;
- чистење на препусти со машина врз каналот, почнувајќи од браната до зафатот Драгор;
- чистење на пропусти и поправка на пристапниот пат со машина, почнувајќи од зафат Драгор до зафат СР-12;
- поправка на риголи и одводни водотеци со машина на км 2+000, тотално празнење Секирани, сифонот Драгарино до зафатот Г-0, зафатот Г-4, зафатот Г-5 и пристапниот пат до зафатот Г-5;
- извршено е рачно чистење од наносен материјал на преливна комора и испустот (кација) на зафатот на река Драгор, како и на зафатна комора, и поставени се решетки на капаци на река Драгор;

Извршени се повеќе градежно - занаетчиски и браварски работи на објектите и опремата од главниот доводен канал, како:

- надвишување на временотот лимено корито за нови 35 цм по цела должина, со нов лим со дебелина од 4 мм;
- покривање на куќарките за опрема за далечинско управување на зафатните градби: Г-1, СР-7, Г-2 и Г-4 со пластифициран лим;
- рачно чистење на блатниот испуст од тиролскиот зафат и сливот од река Драгор на зафатот за РЕК;
- отплатирање и бетонирање на три А Б капаци со димензии 80х80х10 цм;
- отплатирање и бетонирање на четири А Б капаци со димензии 180х50х10 цм;
- поставување на капаците врз А Б шахти од ДВВ на стариот цевковод за РЕК;

- отплатирање и бетонирање на две А Б плочи врз ревизиона шахта чии метални капаци се украдени на на км 3 + 300 аквадукт, на км 5 + 700, на км 10 + 100 тотално празнење - Секирани и на км 23 + 400;
- санирање на отвори кои понираат на аквадукти со употреба на цементен малтер по должината на каналот од брана до СР-12;
- санации на ѕидовите и патосот на Г-0, пред и по Паткиниот клун;
- санирање на хоризонтални пукнатини по должина на каналот (свлечиште с. Кукуречани) во должина од 16 метри на км 16+315, итн.

**Детална цевководна мрежа**

Во 2016 година ДЦМ навремено започна со припремата за сезоната за наводнување. Хидроменахичата опрема која редовно се конзервира после секоја сезона за наводнување беше оспособена за употреба согласно договореното.

Навремено се започна со наводнување во индивидуалниот сектор - физички лица, а потоа во договор со одговорните лица од работните единици се започна со наводнување и на парцелите од ЗК „Пелагонија“. Наводнувањето се извршуваше непречено во текот на сезоната.

Во текот на месеците октомври и ноември, на ДЦМ се изврши планираното конзервирање на хидромеханичката опрема како заштита од мрзнење.

**Служба за машинство**

Службата за машинство во 2016 година ги вршеше следните работни задачи и активности:

- редовна периодична контрола, визуелна контрола, одржување и подмачкување на опремата на објектите на брана „Стрежево“, и тоа на кула зафат, на кос табласт затворач, на лептираст затворач на почеток на цевководот на темелниот испуст, на регулационен затворач на темелниот испуст, на водостански затворач, на фина решетка, на регулациони затворачи на бучница, на затворач на ски - скок, како и контрола и одржување на автоматски дизел агрегат;
- редовна периодична контрола, одржување и подмачкување на опремата на хидроцентралите: ХЕЦ „Биолошки минимум“, ХЕЦ „Стрежево“, ХЕЦ „Филтерница“, ХЕЦ „Довлеџик“ и ХЕЦ „Експлоатационен минимум“;
- редовна периодична контрола, одржување и сервисирање на опремата на Главен доводен канал и Алиментационен канал;
- во работилницата со металорезачки машини во текот на 2016 година се вршеше репарација и поправка на разни оштетени делови кои беа потребни за правилно одржување и функционирање на целокупната опрема од сите објекти на хидросистемот „Стрежево“;
- редовно одржување и сервисирање на возилата, моторциклите и машините за нивно непречено функционирање и да можат да одговорат на потребите на поедини работни единици.

**Служба за управување и информатика**

Во 2016 година оваа служба се грижеше за рационално и економично управување и регулација на водите во Главниот доводен канал. Грижа беа и проектираните количини на вода како и штетните последици од необезбедени потребни количини на вода, евиденција во пишувана форма заради ефикасно

управување и соодветна помош на диспечерите во командниот центар. Се грижеше и за известување за потрошувачката на вода во главните цевководи и настанатите хаварии, вршеше и други работи согласно работните задачи.

**Служба за информатички технологии**

Вработените од оваа служба во текот на 2016 година го одржуваа и сервисираа компјутерскиот систем во претпријатието, креираа софтверски решенија за некои деловни единици во претпријатието, вршеа контрола на фактурите за потрошени сметки за телефоните, ги одржуваа во исправна состојба телефонските апарати и друго.

**Служба за енергетика и одржување на електрика**

Службата за енергетика и одржување на електрика ги вршеше следните работи и работни задачи во 2016 година:

- пуштање во работа и надзор на редовната работа на петте хидроелектрични централи со инсталирана моќност од 3,728 MW, кои се во рамките на хидросистемот, како и нивно редовно одржување и сервисирање;
- надзор и одржување на напојните далекуводи и електрични мрежи (0,4kV, 10kV и 35kV) кои што ги поврзуваат хидроелектричните централи со приклучок на дистрибутивната мрежа на ЕВН, за да се обезбеди нормална и непрекината испорака на произведената електрична енергија, како и напојување со електрична енергија на сите објекти од хидросистемот;
- надзор и одржување на сите трафостаници кои се во состава на хидросистемот;
- контрола и одржување на електрични и громобрански инсталации, електромоторни погони од хидромеханичка опрема на брана и водозафатни градби по должината на Главниот доводен канал;
- контрола и одржување на електрични машини и апарати, агрегати за резервно напојување на објектите со електрична енергија, катодна заштита на метални цевководи, електро-енергетски постројки на ски лифтови, пунктови, управна зграда и останати објекти;
- изготвување идејни решенија и ревизии на елаборати, главни проекти и тендерски документации од својот делокруг и друго.

**Служба за градежно одржување**

Оваа служба во текот на годината вршеше тековно одржување на објектите кои се во состав на ЈП „Стрежево“ во поглед на извршување градежни работи, градежно-занаетчиски и монтерски работи.

Санирањето на појавените оштетувања на најголем дел од објектите беше приоритет на оваа служба како би се одржала функционалноста и стабилноста на истите.

**Служба за развој**

Службата за развој во текот на 2016 година реализира повеќе активности во согласност со развојните планови на претпријатието.

Во поглед на изработка на техничка документација изработен е проект и реализација на систем за технолошка вода во управна зграда на ЈП „Стрежево“, извршен е предмер - пресметка за преостанатите 626 метри за јужен крак - Новаци и северен крак, ревитализација на фонтаната пред управната зграда и партерно уредување на просторот, основен проект за доводен цевковод за водоснабдување на РЕК „Битола“ и на регионалниот водоснабдителен систем за Општините Битола, Новаци и Могила, проект за автоматски систем за наводнување на огледни земјоделски површини во кругот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во Битола, изработка на техничка документација за рехабилитација на главниот цевковод 4-Ц, проект за водоснабдување на с. Могила (во тек на изработка), предмер - пресметка за водоснабдување со сирова вода за АРМ и југоисточната зона на Битола и рекреативните зони.

Остварени се и повеќе канцелариски активности, како прием на барања за приклучување на ДЦМ и по потреба изработка на технички решенија, изготвување на одговори по доставени барања за приклучување на ДЦМ, преземање на комплетни индикации за катастарски парцели за поребите на секторот за експлоатација и општо-правен сектор, обработка на теренски снимени податоци и изработување на геодетски подлоги, одржување на подземен и надземен катастар за потребите на претпријатието, обработка и архивирање на мерните геодетски податоци и друго.

Извршени се и повеќе теренски работи како геодетска оскултација на ски-лифтовите, изработка на геодетскиот дел во проектната документација на ниво на основен проект за системот за наводнување „Новаци“ - јужен крак, врши одржување на подземен и надземен катастар за потребите на претпријатието, обработка и архивирање на мерените геодетски податоци, реализација на геодетски снимања за изработување на геодетски подлоги, вршење надзор и стручен увид на лице место.

**Служба за заштита на водите и хидрометеоролошки работи**

Оваа служба во текот на целата година вршеше лабораториски испитувања на водите, земање на примероци од истечни водотеци кои се сливаат во акумулацијата, вршеше и хидрометеоролошки испитувања. Извршени се хидролошки прегледи на водотеци од Баба Планина и изработен е хидролошки извештај на алиментационен канал.

**Служба за обезбедување**

Службата за обезбедување вршеше дваесет и четири часовно обезбедување, мониторинг и заштита на сите објекти, инсталации и опрема во сопственост на претпријатието.

**Рибник**

Вработените во рибникот во 2016 година ги постигнаа следните резултати резултати:

Согласно податоците од пописот на недовршеното производство - риби, на 01.01.2016 година во базените на рибникот се наоѓаа 41,206 тони виножитна пастрмка. Во 2016 година за потребите на рибникот извршена е набавка на 2,0 тони 4-6 грамски рибен подмладок од виножитна пастрмка. Во текот на 2016 година

продадени се вкупно 77,051 тони конзумна виножитна пастрмка преку рибарницата на претпријатието и останати субјекти. Со пописот на недовршеното производство - риби, на 31.12.2016 година утврдено е дека во базените се наоѓаат 44,941 тони виножитна пастрмка. За производство на овие количини на риби потрошена е 106,94 тони храна за риби во текот на 2016 година. Имајќи ги во предвид претходните показатели, прирастот на риба во 2016 година изнесува 78,786 тони, а конверзијата на риба изнесува 1,36, што значи за прираст на еден килограм риба потрошени се 1,36 килограми храна за риби.

## СЕКТОР АДМИНИСТРАЦИЈА

### Служба за општи и правни работи

Делокругот на работите на општо-правната служба опфаќа: правна работа, коресподенција, дактилографија и архивирање, одржување на парното греење и зеленилото, портир-информатор, курирска работа и одржување на хигиената.

Во текот на 2016 година општо-правната служба служба вршеше:

- застапување на претпријатието пред Основниот суд - Битола по предлози за извршување за наплата на парични побарувања, застапување во работни спорови, по основ на надомест на штети, прекршочни пријави, вршење увид на лице место и слично;
- припрема на документација која се однесува на кадровските промени во претпријатието;
- изготвување на потврди, одлуки, решенија, наредби, писма, известувања, списоци за дежурства, договори за купопродажба, лицитации, рамковни договори и друго;
- припрема на документација за осигурување од одговорност од дејност;
- изготвување на општи акти на претпријатието;
- изготвување на работни верзии, нацрти и предлози на закони, давање на мислења, учество на трибини, советувања на кои се расправало за истите;
- изготвување на материјали за седници и изготвување на записници од водењето на седници на Управниот и Надзорниот одбор;
- изготвување на записници од одржани колегиуми;
- согледување и изготвување на соодветни документи со кои ќе се реализираат активностите за физичко обезбедување на претпријатието;
- останати работи кои се во делокругот на општо-правната служба.

### Служба за финансии и книговодство

Вработените во финансиската служба во текот на 2016 година вршеа ажурна, точна и навремена евиденција на целата влезна и излезна документација на претпријатието и книжење на истата, и тоа:

- книжење на влезни и излезни фактури;
- книжење на изводи од банките;
- изработка на касови извештаи;
- материјално водење на суровини и материјали, ситен инвентар, основни средства и опрема;
- пресметка на плати;
- изготвување на компензации;
- пресметка на данокот за додадена вредност;

- изработка на планови, програми, извештаи за работењето на претпријатието;
- пресметка на надоместоци за извршени водостопански услуги;
- записници за усогласување на состојбите со другите претпријатија, како и сите останати работи околу финансиското работење на претпријатието;
- учество на семинари и трибини.

**Служба за комерцијални работи**

Во 2016 година службата за комерција за потребите на претпријатието ги извршуваше одлуките односно договорите за јавни набавки, како набавка на потребни материјали, резервни делови, основни средства и друго, како и вршеше продажба на произведените риби од рибникот. Во рамките на одговорностите и задачите на секторот за комерција е и продажбата на риби преку рибарницата на претпријатието.

Во текот на 2016 година беа склучувани договори за секоја набавка со доверителите како и контрола и проверка на сите пристигнати фактури во претпријатието.

**Служба за експлоатација**

Службата за експлоатација како дел од ЈП „Стрежево“ - Битола има за задача да ја координира работата на системот за наводнување, а со цел обезбедување на вода до секој корисник кој има уредно пријавено површини што ќе ги наводнува.

Сезоната за наводнување во 2016 година ЈП „Стрежево“ ја започна во месец јуни со ставање под притисок на сите цевководи.

Снабдувањето со вода во текот на целата година се одвиваше непречено без некои поголеми проблеми.

Со вода за наводнување на земјоделски површини беа снабдувани ЗК „Пелагонија“, индивидуални корисници - физички лица и останати корисници, за индустриски и технолошки потреби беа снабдувани РЕК „Битола“, Фабрика за квасец и алкохол, АД ИМБ Млекара, Трикотажа „Пелистер“, „Цермат“, Краварските фарми на ЗК „Пелагонија“ и останати помали корисници, за водоснабдување се испорачуваше вода на ЈКП „Водовод“.

Во текот на целата сезона за наводнување , референтите за наплата на водниот надомест вршеа континуирана контрола на теренот покриен со системот за наводнување. Контролата се спроведуваше за цело времетраење на наводнувањето, односно 12 часа (од 07,00 - 19.00 часот) седум дена во неделата, во две смени. Со контролата се овозможи да се утврдат пријавените површини за наводнување и културите кои се насадени, како и откривање и превземање на правни мерки кон несовесните водокорисници кои бесправно користеа вода од системот. Постојаниот мониторинг доведе до тоа во споредба со изминатите години таквите злоупотреби да се сведат на минимум во 2016 година.

**Служба за јавни набавки**

Службата за јавни набавки ги спроведуваше сите постапки по објавени тендери за јавни набавки, изготвување на тендерска документација, одлуки за

спроведување, записници, извештаи за спроведени постапки, одговори на жалби и водење на досие за постапки.

### Служба за безбедност при работа

Водење на евиденција за повредите на работа, изготвување на документи за инвалидска пензија, изготвување на нормативи за лична заштита, спецификација за избор на овластена здравствена установа и други работи од делокругот на службата за безбедност при работа.

## ИСПОРАЧАНА И ВКУПНО ПОТРОШЕНА КОЛИЧИНА НА ВОДА

Во 2016 во однос на 2015 година, количината на испорачана вода до водокорисниците е зголемена за 4,56 индексни поени.

Зголемувањето во најголем дел произлегува од испорачаната количина на вода за наводнување кон правни лица, додека наводнувањето кај индивидуалните - физички лица е незначително намалена.

Количината на вода испорачана кон ЈКП „Водовод“ - Битола за водоснабдување, има значително намалување за 28,82 индексни поени.

За РЕК „Битола“ испрачана е договорената количина на вода на ниво од минатата година.

Незначително зголемување на количините на вода во 2016 година има во делот на испорачаната количина на вода кон Млекара - Битола за 1,18 индексни поени, додека испорачаната количина на вода на Ф-ка за квасец и алкохол и кон останатите помали корисници, има намалување од 46,08, односно 10,74 индексни поени. Кон Ф-ка за шеќер во 2016 година не се испорачуваше вода поради престанокот со работа на тој индустриски капацитет.

Во апсолутна вредност во 2016 година кон водокорисниците беа испорачани 39.589.219 $м^3$ вода, или заедно со загубата на вода по главен доводен канал и детална цевководна мрежа, и испарување од акумулацијата, беа потрошени 42.089.219 $м^3$ вода.

На 31.12.2016 година нивото на акумулацијата на ЈП „Стрежево“ се наоѓа на кота од 724,59 н.в. или вкупно се акумулирани 71.431.000 $м^3$ вода, што е гаранција дека и во 2017 година ќе има доволно вода за потребите на сите водокорисници.

Од следната табела подетално се гледа испорачаната количина на вода по водокорисници и вкупно потрошената количина на вода во 2016 година.

Цената на водата по категорија на потрошувачи без пресметан ДДВ е дадена во ценовниците што следуваат во продолжение.

Напоменуваме дека цената на водата се пресметува согласно изработената Методологија за пресметка на цената на водата, усвоена од Влада на Република Македонија.

**КОЛИЧИНА НА ВОДА КОЈА БИЛА ИСПОРАЧАНА - ПОТРОШЕНА ВО 2015 И 2016 ГОДИНА**

| Корисници | Количина на вода во 2015 година | Количина на вода во 2016 година | Индекс 2016/2015 год. | Процентуално учество на корисниците во 2016 г. |
|---|---|---|---|---|
| | vo $m^3$ | vo $m^3$ | | |
| 1. Наводнување | **23.098.697** | **25.582.088** | **110,75** | **64,62%** |
| 1.1. Правни лица | 14.480.809 | 17.117.723 | 118,21 | 43,24% |
| 1.2. Индивидуален сектор | 8.617.888 | 8.464.365 | 98,22 | 21,38% |
| 2. Водоснабдување - Битола | **2.255.914** | **1.605.666** | **71,18** | **4,06%** |
| 3. РЕК „Битола“ | **12.000.000** | **12.000.000** | **100,00** | **30,31%** |
| 4. Млекара - Битола | **137.022** | **138.635** | **101,18** | **0,35%** |
| 5. Ф-ка за шеќер | **0** | **0** | | **0,00%** |
| 6. Ф-ка за квасец и алкохол | **190.739** | **102.842** | **53,92** | **0,26%** |
| 7. Други корисници | **179.230** | **159.988** | **89,26** | **0,40%** |
| **Вкупно испорачана** | **37.861.602** | **39.589.219** | **104,56** | **100,00%** |
| 8. Загуби на вода - гл. канал и мрежа | **673.720** | **1.500.000** | **222,64** | |
| 9. Испарување од акумулација | **1.000.000** | **1.000.000** | **100,00** | |
| **Вкупно потрошена** | **39.535.322** | **42.089.219** | **106,46** | |

## ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2016 ГОДИНА

## ВОДОСНАБДУВАЊЕ СО СУРОВА НЕПРЕРАБОТЕНА ВОДА НА ВОДОВОД, ИНДУСТРИЈАТА И ОСТАНАТИТЕ КОРИСНИЦИ

| | | Годишен надоместок | % | Надоместок за искористена вода | Вкупна цена годишен над. и надом. за искор. вода |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ден/м$^3$ | | ден/м$^3$ | ден/м$^3$ |
| | **Б.Водоснабдување** | | | | |
| 1 | Водовод Битола | 0,441747 | 10 | 4,41747 | |
| 2 | Рек Битола | | | | 10,02755 |
| 3 | Ф-ка за шеќер | | | | 10,02755 |
| 4 | Ф-ка за квасец | | | | 10,02755 |
| 5 | ИМБ Млекара Битола | | | | 10,02755 |
| 6 | Други корисници | | | | 10,02755 |

*** Забелешки:**

а) Цената за годишниот надоместок е без пресметан ДДВ (18%), а за Водовод без пресметан ДДВ (5%) - нето цена

б) Цената за надоместокот за испорачана вода е без пресметан ДДВ (18%), и без пресметан фонд за води (2%), а за Водовод без пресметан ДДВ (5%) - нето цена

в) Годишниот надоместок се пресметува процентуално од цената за искористена вода за просечно потрошените количини на вода во последните три години

## ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2016 ГОДИНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ - ПРАВНИ ЛИЦА И ОСТАНАТИ ВОДОКОРИСНИЦИ

| Култури | Нето норма | Обезбед. вода | Искористена вода | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$/ха | ден/ха | ден/$м^3$ | ден/ха | ден/ха |
| **А. Наводнување** | | | | | |
| **I. Култури** | | | | | |
| 1 Пченица | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 2 Јачмен | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 3 Пченка | 4380 | 419,83 | 1,19159 | 5.219 | 5.639 |
| 4 Соја | 3306 | 419,83 | 1,19159 | 3.939 | 4.359 |
| 5 Сончоглед | 3033 | 419,83 | 1,19159 | 3.614 | 4.034 |
| 6 Маслодајна репа | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 7 Семен.шеќ.репа | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 8 Шеќерна репа | 4457 | 419,83 | 1,19159 | 5.311 | 5.731 |
| 9 Тутун ситнолистен | 2046 | 419,83 | 1,19159 | 2.438 | 2.858 |
| 10 Тутун крупнолистен | 2923 | 419,83 | 1,19159 | 3.483 | 3.903 |
| 11 Домати индустриски | 4853 | 419,83 | 1,19159 | 5.783 | 6.203 |
| 12 Домати | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 13 Пиперки индустриски | 4869 | 419,83 | 1,19159 | 5.802 | 6.222 |
| 14 Пиперки | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 15 Грав, грашок | 2044 | 419,83 | 1,19159 | 2.436 | 2.855 |
| 16 Компири | 2674 | 419,83 | 1,19159 | 3.186 | 3.606 |
| 17 Зелка | 1268 | 419,83 | 1,19159 | 1.511 | 1.931 |
| 18 Кромид | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 19 Бостан | 3240 | 419,83 | 1,19159 | 3.861 | 4.281 |
| 20 Наут | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 21 Остан.град.култури | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 22 Луцерка | 3967 | 419,83 | 1,19159 | 4.727 | 5.147 |
| 23 Ливади | 2046 | 419,83 | 1,19159 | 2.438 | 2.858 |
| 24 Овоштарници | 3016 | 419,83 | 1,19159 | 3.594 | 4.014 |
| 25 Лозја | 2879 | 419,83 | 1,19159 | 3.431 | 3.850 |
| 26 Хмељ | 3016 | 419,83 | 1,19159 | 3.594 | 4.014 |
| 27 Пченка силажа I култура | 3533 | 419,83 | 1,19159 | 4.210 | 4.630 |
| **II. Култури** | | | | | |
| 1 Пченка силажа II култура | 2.840 | 419,83 | 1,19159 | 3.384 | 3.804 |
| 2 Зелка (зимска) | 1.268 | 419,83 | 1,19159 | 1.511 | 1.931 |
| 3 Сточен грашок | 1.644 | 419,83 | 1,19159 | 1.959 | 2.379 |
| 4 Корнишони | 2.700 | 419,83 | 1,19159 | 3.217 | 3.637 |
| 5 Остан.град.култури | | 419,83 | 1,19159 | | |

*** Забелешки:**

а) Цената за годишниот надоместок е без пресметан ДДВ (5%) - нето цена

б) Цената за надоместокот за испорачана вода е без пресметан ДДВ (5%), и без пресметан фонд за води (2%) - нето цена

## ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2016 ГОДИНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ - ИНДИВИДУАЛЕН СЕКТОР И ОСТАНАТИ ВОДОКОРИСНИЦИ

| Култури | Нето норма | Обезбед. вода | Искористена вода | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$/ха | ден/ха | ден/$м^3$ | ден/ха | ден/ха |
| **А. Наводнување** | | | | | |
| **I. Култури** | | | | | |
| 1 Пченица | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 2 Јачмен | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 3 Пченка | 4380 | 419,83 | 1,10437 | 4.837 | 5.257 |
| 4 Соја | 3306 | 419,83 | 1,10437 | 3.651 | 4.071 |
| 5 Сончоглед | 3033 | 419,83 | 1,10437 | 3.350 | 3.769 |
| 6 Маслодајна репа | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 7 Семен.шеќ.репа | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 8 Шеќерна репа | 4457 | 419,83 | 1,10437 | 4.922 | 5.342 |
| 9 Тутун ситнолистен | 2046 | 419,83 | 1,10437 | 2.260 | 2.679 |
| 10 Тутун крупнолистен | 2923 | 419,83 | 1,10437 | 3.228 | 3.648 |
| 11 Домати индустриски | 4853 | 419,83 | 1,10437 | 5.360 | 5.779 |
| 12 Домати | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 13 Пиперки индустриски | 4869 | 419,83 | 1,10437 | 5.377 | 5.797 |
| 14 Пиперки | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 15 Грав, грашок | 2044 | 419,83 | 1,10437 | 2.257 | 2.677 |
| 16 Компири | 2674 | 419,83 | 1,10437 | 2.953 | 3.373 |
| 17 Зелка | 1268 | 419,83 | 1,10437 | 1.400 | 1.820 |
| 18 Кромид | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 19 Бостан | 3240 | 419,83 | 1,10437 | 3.578 | 3.998 |
| 20 Наут | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 21 Остан.град.култури | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 22 Луцерка | 3967 | 419,83 | 1,10437 | 4.381 | 4.801 |
| 23 Ливади | 2046 | 419,83 | 1,10437 | 2.260 | 2.679 |
| 24 Овоштарници | 3016 | 419,83 | 1,10437 | 3.331 | 3.751 |
| 25 Лозја | 2879 | 419,83 | 1,10437 | 3.179 | 3.599 |
| 26 Хмељ | 3016 | 419,83 | 1,10437 | 3.331 | 3.751 |
| 27 Пченка силажа I култура | 3533 | 419,83 | 1,10437 | 3.902 | 4.322 |
| **II. Култури** | | | | | |
| 1 Пченка силажа II култура | 2.840 | 419,83 | 1,10437 | 3.136 | 3.556 |
| 2 Зелка (зимска) | 1.268 | 419,83 | 1,10437 | 1.400 | 1.820 |
| 3 Сточен грашок | 1.644 | 419,83 | 1,10437 | 1.816 | 2.235 |
| 4 Корнишони | 2.700 | 419,83 | 1,10437 | 2.982 | 3.402 |
| 5 Остан.град.култури | | 419,83 | 1,10437 | | |

*** Забелешки:**

а) Цената за годишниот надоместок е без пресметан ДДВ (5%) - нето цена

б) Цената за надоместокот за испорачана вода е без пресметан ДДВ (5%), и без пресметан фонд за води (2%) - нето цена

## ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

Во работењето на претпријатието во 2016 година остварени се следните финансиски резултати.

Вкупните трошоци и раходи во 2016 година изнесуваат 452.913.859 денари, што е незначително зголемување за 2,59 индексни поени во однос на 2015 година, или без амортизација вкупните трошоци и расходи изнесуваат 184.128.486 денари. Зголемувањето на трошоците и расходите во 2016 година главно произлегуваат од зголемената деловна активност на претпријатието.

Вкупните приходи во 2015 година изнесуваат 223.947.196 денари што е зголемување за 1,86 индексни поени во однос на приходите во 2015 година. Зголемувањето произлегува од зголемената деловна активност и подобрените финансиски резултати.

Деловниот резултат покажува загуба во 2016 година, која изнесува 228.966.663 денари, или за 3,31 индексни поени загубата покажува благ пораст во однос на 2015 година. Деловниот резултат без амортизација е позитивен и изнесува 39.818.711 денари, а во однос на 2015 година покажува намалување за 9,79 индексни поени.

Со ваквиот финансиски резултат ликвидноста е стабилна што придонесува за навремена исплата на платите на вработените, исплата на обврските по основ на ДДВ кон Управата за јавни приходи, навремена исплата на обврските спрема добавувачите и други позитивни движења.

Во табелата за остварениот деловен резултат во 2016 година подетално се прикажани вкупните движења на трошоците и расходите, приходите и деловниот резултат.

## ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО 2015 И 2016 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | Остварено во 2015 | Остварено во 2016 | Индекс 2016/2015 | Структура во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 1.939.155 | 2.509.818 | 129,43 | 0,55 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за админ. | 533.551 | 662.873 | 124,24 | 0,15 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за п-во | 6.304.136 | 5.521.649 | 87,59 | 1,22 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за админ. | 2.397.641 | 2.003.546 | 83,56 | 0,44 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 6.580.727 | 4.915.040 | 74,69 | 1,09 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | 136.836 | 100.969 | 73,79 | 0,02 |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 509.724 | 431.828 | 84,72 | 0,10 |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 28.337 | 67.253 | 237,33 | 0,01 |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | 22.602 | 0 | | 0,00 |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 1.414.387 | 1.263.448 | 89,33 | 0,28 |
| 11 | 412 | Надв. усл. за изработка на добра и изврш. услуги | 0 | 0 | | 0,00 |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 3.266.429 | 4.753.989 | 145,54 | 1,05 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | 217.600 | 223.607 | 102,76 | 0,05 |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 594.732 | 512.239 | 86,13 | 0,11 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | 703.930 | 291.900 | 41,47 | 0,06 |
| 16 | 419 | Останати услуги | 906.131 | 661.293 | 72,98 | 0,15 |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 90.636.889 | 89.598.821 | 98,85 | 19,78 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 36.812.419 | 36.828.173 | 100,04 | 8,13 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 455.031 | 1.028.384 | 226,00 | 0,23 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | 264.283.765 | 267.330.789 | 101,15 | 59,02 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | 0 | 0 | | 0,00 |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | 1.484.813 | 1.454.585 | 97,96 | 0,32 |
| 23 | 440 | Дневн. за служб. патув. ноќевање и патни трош. | 356.785 | 490.418 | 137,45 | 0,11 |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 251.908 | 893.724 | 354,78 | 0,20 |
| 25 | 442 | Трош. за над. и др. примања на чл. на УО и НО | 538.099 | 1.333.057 | 247,73 | 0,29 |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 1.540.854 | 1.202.672 | 78,05 | 0,27 |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | 428.167 | 667.132 | 155,81 | 0,15 |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 3.297.533 | 3.783.681 | 114,74 | 0,84 |
| 29 | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | 195.110 | 203.807 | 104,46 | 0,04 |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. членар. и др. | 622.756 | 1.051.529 | 168,85 | 0,23 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | 137.645 | 161.211 | 117,12 | 0,04 |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 3.075.068 | 4.020.012 | 130,73 | 0,89 |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 617.616 | 664.117 | 107,53 | 0,15 |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | 63.467 | 139.459 | 219,74 | 0,03 |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 1.166.657 | 1.650.964 | 141,51 | 0,36 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побарувања | 0 | 23.924 | | 0,01 |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 927.199 | 2.305.513 | 248,65 | 0,51 |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | 0 | 192.323 | | 0,04 |
| 39 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | 7.661 | 971 | 12,67 | 0,00 |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | 4.770.971 | 9.768.796 | 204,75 | 2,16 |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 4.270.692 | 4.200.347 | 98,35 | 0,93 |
| | | **I. Вкупни расходи** | **441.497.020** | **452.913.859** | **102,59** | **100,00** |
| | | **Ia. Вкупни расходи без амортизација:** | **175.728.442** | **184.128.486** | **104,78** | |
| 1 | 740 | Прих. од продажба на произв. и услуги во земјата | 213.117.866 | 213.439.049 | 100,15 | 95,31 |
| 2 | 743 | Прих. од прод. на матер. рез. делови и отпадоци | 159.984 | | | 0,00 |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени добра | 644.440 | 590.611 | 91,65 | 0,26 |
| 4 | 747 | Приходи од наемнини | 794.787 | 697.501 | 87,76 | 0,31 |
| 5 | 749 | Останати прих. од продажба на неповрз. друштва | 70 | 118 | 168,57 | 0,00 |
| 6 | 760 | Добивки од прод. на header. и матер. средства | 52.500 | 48.000 | 91,43 | 0,02 |
| 7 | 764 | Вишоци | 847 | 2.048 | 241,79 | 0,00 |
| 8 | 765 | Прих. од наплат. отпиш. побар. и отпис на обврски | 307.158 | 322.718 | 105,07 | 0,14 |
| 9 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | 3.156.680 | 3.523.217 | 111,61 | 1,57 |
| 10 | 769 | Останати приходи од работењето | 1.478.292 | 3.158.871 | 213,68 | 1,41 |
| 11 | 774 | Прих. од кам. од работење со неповрани друштва | 154.753 | 2.165.063 | 1.399,05 | 0,97 |
| | | **II. Вкупен приход** | **219.867.376** | **223.947.196** | **101,86** | **100,00** |
| | | | | | | |
| | | **III. Деловен резултат ( II-I )** | **-221.629.644** | **-228.966.663** | **103,31** | |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортиз. ( II-Ia )** | **44.138.934** | **39.818.711** | **90,21** | |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТРОШОЦИТЕ И РАСХОДИТЕ ПО КОНТА:

**Конто 400 и 401**
**Трошоци за суровини и материјали**

Во овие конта спаѓаат потрошени суровини и материјали, потрошени канцелариски материјали и материјали за хигиена, потрошени прехрамбени производи за Бифе ски лифт, како и ХТЗ опрема. Ова конто покажува зголемување како резултат на повеќе потрошени суровини и материјали од зголемена деловна активност.

**Конто 402 и 403**
**Трошоци за енергија**

Во овие конта спаѓаат потрошената електрична енергија, масло за ложење, дизел гориво, бензин, моторни масла, дрва, плин и др.

Финансиски има одредено намалување кај овие конта како резултат на порационално трошење на енергенсите во 2016 година во однос на 2015 година.

**Конто 404 и 405**
**Резервни делови и материјали за одржување**

На овие конта се книжат резервните делови за производство, резервни делови на опрема за производство, како и резервни делови за патнички и товарни возила и градежни машини. Ова конто покажува намалување како резултат на намалени трошоци за резервни делови за детална цевководна мрежа, како и намалени трошоци за резервни делови за градежни машини и моторни возила.

**Конто 407 и 408**
**Ситен инвентар, амбалажа и автогуми**

На конто 407 отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство заради намалени набавки има намалување на трошокот, додека на конто 408 отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми за администрација има значително зголемување на трошокот, заради зголемена потреба за набавки.

**Конто 411**
**Поштенски, телефонски и интернет услуги**

Кај ова конто има намалување што е резултат на склучените поповолни договори за поштенските, телефонските и интернет услугите.

**Конто 413**
**Услуги за одржување и заштита**

На ова конто се книжат трошоците за услуги за одржување на опрема, ситен инвентар и алат, одржување на софтвер, сервис на возила. Ако се изврши анализа кај сите аналитички конта има зголемување, а најзначајно зголемување има кај услуги за одржување и сервис на моторни возила.

**Конто 414**
**Наем**

Кај ова конто нема големи промени бидејќи во договорот за закуп нема промена на условите за закуп кои се однесуваат на 2015 и 2016 година.

**Конто 415**
**Комунални услуги**

Во ова конто се книжат трошоците за вода, канализација, ѓубре и останати комунални услуги.И кај овие трошоци има намалување во споредба со 2015 година.

**Конто 417**
**Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми**

На ова конто во 2016 година има значително намалување како резултат на намалени трошоци за реклама, пропаганда, промоција и друго.

**Конто 419**
**Останати услуги**

На ова конто во 2016 година се евидентирани трошоци за регистрација на возила, трошоци за контрола на квалитет, огласи и соопштенија, и други услуги. Кај ова конто има значително намалување.

**Конто 420 и 421**
**Плата и надоместоци на плата**

Кај овие конта во 2016 година има намалување како резултат на намалување на бројот на вработени заради одење во пензија.

**Конто 422**
**Останати трошоци за вработените**

На ова конто се книжат трошоците за отпремнина при пензионирање, помош за смрт и останати трошоци на вработени. Има зголемување како резултат на исплатена испратнина на вработени заради технолошки вишок.

**Конто 430, 431 и 432**
**Трошоци за амортизација**

Трошоците за амортизација се пресметуваат по законски пресметаните стапки за амортизација.

**Конто 440**
**Дневници за службени патувања**

Во 2016 година кај патните трошоци и исплатата на дневници имаме зголемување.

**Конто 441**
**Надоместоци на трошоци на вработените**

Во ова конто се книжат трошоците за задолжителни систематски прегледи, стручно усовршување, семинари, надомести за појачана исхрана. Има значително зголемување на овие трошоци поради тоа што се извршени задолжителните систематски прегледи на вработените, како и зголемени трошоци за исхрана за ноќна работа за вработените.

**Конто 442**
**Трошоци за надоместоци и други примања на членови на УО и НО**
На ова конто се книжи надоместокот на членовите на Управен и Надзорен одбор, а зголемувањето на трошоците на ова конто се должи на зголемувањето на месечниот паушал од јуни месец 2016 година.

**Конто 443**
**Тршоци за спонзорства и донации**
Ова конто покажува намалување на трошоците што е резултат на одредено намалување на дадените спонзорства во 2016 година.

**Конто 444**
**Трошоци за репрезентација**
Во 2016 година трошоците за репрезентација бележат одредено зголемување во однос на 2015 година.

**Конто 445**
**Трошоци за осигурување**
Зголемувањето на ова конто зависи од висината на најповолната понуда при изборот на осигурителната компанија, начинот на осигурување, условите под кои се осигурани осигурените настани, како и склучениот договор со осигурителната компанија.

**Конто 446**
**Банкарски услуги и трошоци за платен промет**
Банкарските услуги зависат од провизијата која ја пресметува банката врз основа на налозите за одлив и прилив на парични средства во платниот промет и висината на овие трошоци главно е на ниво на претходната година.

**Конто 447**
**Даноци кои не зависат од резултатот, чланарини и др.**
На ова конто се книжи данокот на имот, членарини, надоместок за фонд за води, радио дифузна такса, судски и административни такси и др.
Ова конто покажува зголемување на трошоците, особено трошоците за судски и административни такси.

**Конто 448**
**Трошоци за користење на права**
На ова конто се книжи надоместок за лиценца за производство на електрична енергија, надоместок за концесија за рибарство и др.

**Конто 449**
**Останати трошоци за работењето**
На ова конто се книжат интелектуални услуги, проценка на капиталот, трошоци по договор за дело, трошоци за ревизија на финансиски извештаи, трошоци за вештачење, трошоци за адвокатски и нотарски услуги, трошоци за весници и списанија, трошоци за задолжително порибување согласно добиената концесија за рибарство и др.
На ова конто има значително зголемување како резултат на зголемувањето на трошоците за договор за дело.

**Конто 455**
**Вредносно усогласување на краткорочни побарувања**
На ова конто се книжат спорни и сомнителни побарувања.

**Конто 460**
**Загуба од расходување и продажба на нематеријални и материјални средства**
На ова конто се книжат трошоците за неотпишаната вредност на расходованата опрема.

**Конто 464**
**Кусоци, кало, растур, расипување и кршење**
На ова конто се книжи кусокот и расходот утврден по попис, како и трошок за смртност на риби во Рибник. Има значително зголемување на ова конто, во делот на смртност на риби.

**Конто 468**
**Казни, пенали, надоместоци за штети и друго**
На ова конто се книжи трошокот за надомест на штети кон водокорисниците и покажува значително зголемување, со напомена дека на претпријатието овие трошоци му ги надоместува осигурителната компанија согласно склучениот договор за осигурување.

**Конто 469**
**Останати расходи од работењето**
На ова конто се книжат расходите од минати години.

**Конто 474**
**Камати од работењето со неповрзани друштва**
На ова конто се книжат каматите по основ на обврски и судски решенија.

**Конто 700 и 701**
**Расходи за продадени производи и набавна вредност на продадени стоки**
На ова конто се книжат расходите за произведените риби, набавна вредност на продадени риби преку рибарница и набавна вредност на продадена стока во Бифе ски лифт. Има значително зголемување на ова конто како резултат на зголемено производство на риби од Рибник и соодветно на тоа има значително зголемување и на расходите за произведените риби.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРИХОДИТЕ ПО КОНТА:**

**Конто 740**
**Приходи од продажба на производи**

На ова конто се книжат приходи од водостопански услуги од надоместок за испорачана вода за земјоделие, за индустрија, водоснабдување, приходи од производство на електрична енергија, приходи од продадени риби од Рибник и рибарница, приходи од влезници за риболов, и др.

На ова конто има значително зголемување, и тоа во делот на приходи од надомест за испорачана вода за земјоделие и зголемени приходи од продажба на риби од Рибник, како и зголемени приходи од угостителски услуги во Бифе ски лифт.

**Конто 745**
**Приходи од употреба на сопствени производи**

На ова конто се книжат приходи од произведената електрична енергија и приходи од произведени риби, потрошени за сопствени потреби.

**Конто 747**
**Приходи од закуп**

На ова конто прокнижан е приходот од закупот на Ресторан „Довлеџик“ и Базен „Довлеџик“ врз основа на склучен договор. Покажува намалување во 2016 година во однос на минатата година, заради раскинување на договорот за закуп на Базен „Довлеџик“.

**Конто 760**
**Приходи од продажба на нематеријални и материјални средства**

На ова конто прокнижан е приходот од продажба на опрема.

**Конто 764**
**Вишоци**

На ова конто се книжи приходот од утврдени вишоци со попис на материјали и стоки. Износите на овие ставки се незначителни.

**Конто 765**
**Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски**

На ова конто се книжат приходите од наплатените побарувања кои се водат на спорни и сомнителни побарувања, како и приходите по основ на отпис на обврски поради ликвидации и стечаи на добавувачи. Има незначително зголемување во 2016 година како резултат на повеќе наплатени отпишани и спорни побарувања.

**Конто 767**
**Приходи од премии, субвенции, дотации и донации**

На ова конто прокнижан е приходот од субвенциониран рибен подмладок, преземена бесплатна опрема - телефони (за цел износ) што се добиени во вид на субвенции од компанијата со која што имаме склучено договор за користење на мобилна телефонија, приходот од отстапен цевковод добиен по основ на договор со „Сокотаб“ - Битола, приходот од донации - моторни возила од Агенцијата за одземен имот, приходот од донации на цевки, регулатори и мерачи на притисок и

друго (во износ на пресметаната амортизација за сите донации). Ова конто има зголемување во однос на минатата година.

**Конто 769**
**Останати приходи од работењето**

На ова конто се книжат приходите од наплата на штети, наплата на судски трошоци по основ на воден надомест, наплата на трошоци при извршување, приходи од поранешни години, како и приходи од наплатени нотарски услуги.

Кај овој приход има значително зголемување најповеќе како резултат на наплатени штети од осигурителната компанија за обештетување.

**Конто 774**
**Приходи врз основа на камати од работењето**

Кај ова конто се книжат приходите од камати, камати при извршување, камати од воден надомест и камати од деловни банки. Кај ова конто во 2016 година има значително зголемување кое произлегува од наплата на камата од ЗК Пелагонија.

## АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ХИДРОЦЕНТРАЛИТЕ

Во 2016 година се произведени 7.123.735 kWh електрична енергија од петте мали хидроцентрали. Трите хидроцентрали: ХЕЦ „Стрежево“, „ХЕЦ Биолошки минимум“ и ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ се централи на прибранска акумулација, а останатите две: ХЕЦ „Филтерница“ и ХЕЦ „Довлеџик“ се деривациони.

Фактурирањето за произведената електрична енергија од четирите хидроцентрали е по цена од 2,59 денари за произведен kWh електрична енергија, додека за ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ согласно добиената повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од мали хидроцентрали кои се стекнале со својство на повластен производител, фактурирањето на месечно ниво за произведената електрична енергија по повластена тарифа изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија за 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.000 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.000 kWh.

Основни карактеристики на хидроцентралите се следните:

1. ХЕЦ „Стрежево“ како што е наведено претходно е прибранска хидроцентрала со инсталирана снага од 2.400 kW, со три синхрони самовозбудни генератори и три Францисови турбини. Инсталираниот проток на вода по турбина изнесува 2,7 $м^3$/сек. и нето пад од 30 метри. Предавањето на електрична енергија во мрежата е преку два енергетски трансформатори на 35 KV-но напонско ниво. ХЕЦ „Стрежево“ работи главно во периодот кога се врши наводнување на земјоделските култури. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 5.500.000 kWh електрична енергија годишно.

2. ХЕЦ „Биолошки минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана снага од 132 kW, со асинхрон генератор и Францисова турбина. Инсталираниот проток на вода изнесува 0,290 $м^3$/сек и нето пад од 30 - 62 метри. Работи континуирано преку целата година и ја користи водата што се испушта од акумулацијата „Стрежево“ како биолошки минимум во реката Шемница. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 800.000 kWh годишно.

3. ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана максимална снага од 340 kW, со синхрон генератор и Францисова турбина. Инсталираниот максимален проток на вода изнесува 1,2 $м^3$/сек и висински пад од 18 - 42 метри. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.500.000 - 2.000.000 kWh годишно.

4. ХЕЦ „Филтерница“ е со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 380 kW, нето пад од 150 метри и проток од 0,340 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, кои преку водозафатниот објект и

цевководот се донесуваат до ХЕЦ „Филтерница“. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.490.000 kWh годишно.

5. ХЕЦ „Довлеџик“ е исто со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 460 kW, нето пад од 109 метри и проток од 0,500 м$^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, односно вишокот на вода од ХЕЦ „Филтерница“ кој не го користи „Водовод“ и вишоците од р. Сапунчица и р. Црвена. Водите се донесуваат преку цевководот на Водовод кој има двојна намена. Во летниот период кога има недостиг на вода , Водовод преку пумпната станица во Довлеџик однесува вода до нивната филтерница зафаќајќи вода од зафатот на Стрежево, додека во периодот на вишоци на вода, преку истиот цевковод водите се донесуваат до ХЕЦ „Довлеџик“, со што истата се става во погон. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.430.000 kWh годишно.

Во 2016 година вкупниот приход од произведената електрична енергија изнесува 24.785.798 денари, што претставува намалување за 11,50 индексни поени во однос на 2015 година.

Вкупните расходи во 2016 година изнесуваат 12.441.852 денари, што претставува зголемување за 10,26 индексни поени во однос на 2015 година, или вкупните расходи без амортизација изнесуваат 6.467.844 денари.

Подетално финансиските резултати се прикажани во наредната табела.

## ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО 2015 И 2016 ГОДИНА

| Ред. Бр. | | ПОЗИЦИЈА | Остварено во 2015 kWh | Остварено во 2016 kWh | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Производство на електрична енергија во kWh | | | |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 4.554.092 | 1.712.887 | 37,61 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 799.101 | 895.808 | 112,10 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 1.536.386 | 1.752.254 | 114,05 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 1.932.034 | 2.115.167 | 109,48 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 332.328 | 647.619 | 194,87 |
| | | **Вкупно** | **9.153.941** | **7.123.735** | **77,82** |

## РАСХОДИ И ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Конто | ПОЗИЦИЈА | Остварено во 2015 Износ | Остварено во 2016 Износ | Инекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 67.935 | 289.653 | 426,37 |
| 2 | 402 | Трошоци за енергија за п-во | 368.222 | 310.535 | 84,33 |
| 3 | 404 | Резервни делови и материјали за одржување п-во | 92.163 | 246.273 | 267,22 |
| 4 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми п-во | 18.810 | 7.598 | 40,39 |
| 5 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 6 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 20.923 | 25.156 | 120,23 |
| 7 | 412 | Надв. услуги за изработка на добра и изврш. услуги | | | |
| 8 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 247.486 | 739.539 | 298,82 |
| 9 | 415 | Комунални услуги | 9.031 | 39.500 | 437,38 |
| 10 | 417 | Трошоци за реклама, пропаганда, пром. саеми | | | |
| 11 | 419 | Останати услуги | 21.523 | 42.553 | 197,71 |
| 12 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 2.807.916 | 2.876.025 | 102,43 |
| 13 | 422 | Останати трошоци за вработените | | | |
| 14 | 430 | Трошоци за амортизација за п-во | 5.937.951 | 5.974.008 | 100,61 |
| 15 | 440 | Дневници за служб. патувања, ноќев. и патни трош. | 31.860 | 38.830 | 121,88 |
| 16 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | 9.360 | |
| 17 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 18 | 444 | Трошоци за репрезентација | 21.739 | 3.157 | 14,52 |
| 19 | 445 | Трошоци за осигурување | 1.252.967 | 1.384.590 | 110,50 |
| 20 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. член. и др. | 227.454 | 242.344 | 106,55 |
| 21 | 448 | Трошоци за користење на права | 89.765 | 114.331 | 127,37 |
| 22 | 449 | Останати трошоци на работењето | 68.355 | 98.400 | 143,95 |
| 23 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | | | |
| 24 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 25 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **11.284.100** | **12.441.852** | **110,26** |
| | | **Ia. Вкупни расходи - без амортизација** | **5.346.148** | **6.467.844** | **120,98** |
| **1.** | **740** | **Приходи од продажба на електрична енергија** | **27.432.618** | **24.234.754** | 88,34 |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 10.921.346 | 4.410.482 | 40,38 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 1.513.386 | 1.861.472 | 123,00 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 9.484.800 | 10.857.730 | 114,48 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 4.742.859 | 5.452.383 | 114,96 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 770.227 | 1.652.687 | 214,57 |
| **2.** | **745** | **Приходи од произв. на ел. ен. за сопст. потреби** | **574.029** | **551.044** | **96,00** |
| | | **II. Вкупни приходи** | **28.006.647** | **24.785.798** | **88,50** |
| | | **III. Деловен резултат (II-I)** | **16.722.547** | **12.343.946** | |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортизација (II-Ia)** | **22.660.499** | **18.317.954** | |

## АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО - РИБАРСТВО (АКВАКУЛТУРА)

Рибарство (аквакултура), како една од дејностите која ги обавува ЈП „Стрежево“, го опфаќа целокупното работење што се одвива во објектите на рибникот и рибарницата.

Рибникот се наоѓа на просторот под браната „Стрежево“, и ги користи водите што се испуштаат од акумулацијата во реката Шемница за обезбедување на неопходниот биолошки минимум. Производството на риба (виножитна пастрмка) се одвива во 22 базени поставени во 3 батерии, со капацитет од над 60 тона риби годишно. Со поставувањето на нови базени од пластична маса се створија услови за зголемување на производството на риба.

Во 2016 година вкупно се продадени 77.051 килограми риби. Од нив преку други субјекти продадени се 59.341 килограми риби, и 17.710 килограми риби продадени се преку Рибарницата. Постигнат е прираст 78.786 килограми риба.

За да се овозможи континуитет во производството, во 2016 година набавени се вкупно 2.000 килограми рибен подмладок со просечна тежина помеѓу 4 и 6 грама.

Во производството на риби во 2016 година потрошени се 106.940 килограми храна за риби.

Имајќи во предвид потрошената храна за риби и вкупниот прираст на риби, се пресметува коефициентот на конверзија кој во 2016 година изнесува 1,36. Тоа значи дека за секој килограм прираст на риби биле потребни 1,36 килограми храна за риби. Коефициентот на конверзија е повисок од минатата година. За подобрување на овај коефициент ќе биде потребно посебно залагање на вработените во Рибникот, како во поглед на намалување на смртноста на риби, така и во поглед на порационално користење на храната за риби, зависно од температурата на водата во рибниците.

Финансиските ефекти од работењето во 2016 година, детално се дадени во наредните табели.

## РАСХОДИ И ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА - РИБНИК

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | Рибник | | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено во 2015 | Остварено во 2016 | |
| 1. | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 129.249 | 234.874 | 181,72 |
| 2. | 401 | Трошоци за материјали за админ. | | | |
| 3. | 402 | Трошоци за енергија за п-во | 43.135 | 55.988 | 129,80 |
| 4. | 403 | Трошоци за енергија за админ. | | | |
| 5. | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 78.699 | 4.054 | 5,15 |
| 6. | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | | | |
| 7. | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 12.096 | 12.241 | 101,20 |
| 8. | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | | | |
| 9. | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10. | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 26.528 | 24.815 | 93,54 |
| 11. | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | |
| 12. | 413 | Услуги за одржување и заштита | 24.336 | 29.156 | 119,81 |
| 13. | 414 | Наем - лизинг | | | |
| 14. | 415 | Комунални услуги | 34.420 | 58.987 | 171,37 |
| 15. | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16. | 419 | Останати услуги | 5.760 | 23.089 | 400,85 |
| 17. | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 3.361.160 | 3.411.215 | 101,49 |
| 18. | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | | | |
| 19. | 422 | Останати трошоци на вработените | | | |
| 20. | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | 301.330 | 332.447 | 110,33 |
| 21. | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | | | |
| 22. | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | | | |
| 23. | 440 | Дневн. за служб. патувања, ноќев. и патни трош. | 1.800 | 2.100 | 116,67 |
| 24. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | 32.565 | |
| 25. | 442 | Трош. за надом. и др. прим. на член. на УО и НО | | | |
| 26. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27. | 444 | Трошоци за репрезентација | 465 | 6.146 | 1.321,72 |
| 28. | 445 | Трошоци за осигурување | 1.015 | 1.051 | 103,55 |
| 29. | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. член. и др. | | | |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 8.522 | | |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 1.142.691 | 1.580.211 | 138,29 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | | | |
| 39 | 700 | Трош. за продадени производи и услуги | 4.770.971 | 9.768.796 | 204,75 |
| 40 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| | | **Вкупно расходи I** | **9.942.177** | **15.577.735** | **156,68** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **9.640.847** | **15.245.288** | **158,13** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 8.810.840 | 12.777.821 | 145,02 |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 36.312 | 39.565 | 108,96 |
| 3 | 764 | Вишоци | | | |
| 4 | 767 | Приходи од субвенции | | 195.273 | |
| | | **Вкупно приходи II** | **8.847.152** | **13.012.659** | **147,08** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-1.095.025** | **-2.565.076** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-793.695** | **-2.232.629** | |

## РАСХОДИ И ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА - РИБАРНИЦА

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | Рибарница | | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено во 2015 | Остварено во 2016 | |
| 1. | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | | | |
| 2. | 401 | Трошоци за материјали за админ. | 70.074 | 113.402 | 161,83 |
| 3. | 402 | Трошоци за енергија за п-во | | | |
| 4. | 403 | Трошоци за енергија за админ. | 145.150 | 127.645 | 87,94 |
| 5. | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | | | |
| 6. | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | | | |
| 7. | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | | | |
| 8. | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 7.122 | 8.800 | 123,56 |
| 9. | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10. | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 7.027 | 518 | 7,37 |
| 11. | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | |
| 12. | 413 | Услуги за одржување и заштита | 10.800 | 6.200 | 57,41 |
| 13. | 414 | Наем - лизинг | 217.600 | 219.600 | 100,92 |
| 14. | 415 | Комунални услуги | 44.074 | 31.111 | 70,59 |
| 15. | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16. | 419 | Останати услуги | | 7.000 | |
| 17. | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | | | |
| 18. | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 829.570 | 823.148 | 99,23 |
| 19. | 422 | Останати трошоци на вработените | | | |
| 20. | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | | | |
| 21. | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | | | |
| 22. | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | 65.069 | 1.400 | 2,15 |
| 23. | 440 | Дневн. за службад. патувања, ноќев. и патни трош. | | | |
| 24. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | | |
| 25. | 442 | Трош. за надом. и др. прим. на член. на УО и НО | | | |
| 26. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27. | 444 | Трошоци за репрезентација | | | |
| 28. | 445 | Трошоци за осигурување | | | |
| 29. | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. член. и др. | | | |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | | | |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 13.918 | 28.437 | 204,32 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | | | |
| 39 | 700 | Трош. за продадени производи и услуги | | | |
| 40 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 4.171.317 | 4.106.265 | 98,44 |
| | | **Вкупно расходи I** | **5.581.721** | **5.473.526** | **98,06** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **5.516.652** | **5.472.126** | **99,19** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 5.049.808 | 4.935.496 | 97,74 |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени п-ди | 34.097 | | |
| 3 | 764 | Вишоци | | | |
| 4 | 767 | Приходи од субвенции | | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **5.083.905** | **4.935.496** | **97,08** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-497.816** | **-538.030** | |
| | | **Дел. резултат без амор. (II - Ia)** | **-432.747** | **-536.630** | |

## ОСТВАРЕН ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА - РИБАРСТВО

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | Рибарство | | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено во 2015 | Остварено во 2016 | |
| 1. | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 129.249 | 234.874 | 181,72 |
| 2. | 401 | Трошоци за материјали за админ. | 70.074 | 113.402 | 161,83 |
| 3. | 402 | Трошоци за енергија за п-во | 43.135 | 55.988 | 129,80 |
| 4. | 403 | Трошоци за енергија за админ. | 145.150 | 127.645 | 87,94 |
| 5. | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 78.699 | 4.054 | 5,15 |
| 6. | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | | | |
| 7. | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 12.096 | 12.241 | 101,20 |
| 8. | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 7.122 | 8.800 | 123,56 |
| 9. | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10. | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 33.555 | 25.333 | 75,50 |
| 11. | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | |
| 12. | 413 | Услуги за одржување и заштита | 35.136 | 35.356 | 100,63 |
| 13. | 414 | Наем - лизинг | 217.600 | 219.600 | 100,92 |
| 14. | 415 | Комунални услуги | 78.494 | 90.098 | 114,78 |
| 15. | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16. | 419 | Останати услуги | 5.760 | 30.089 | 522,38 |
| 17. | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 3.361.160 | 3.411.215 | 101,49 |
| 18. | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 829.570 | 823.148 | 99,23 |
| 19. | 422 | Останати трошоци на вработените | | | |
| 20. | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | 301.330 | 332.447 | 110,33 |
| 21. | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | | | |
| 22. | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | 65.069 | 1.400 | 2,15 |
| 23. | 440 | Дневн. за служб. патувања, ноќев. и патни трош. | 1.800 | 2.100 | 116,67 |
| 24. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | 32.565 | |
| 25. | 442 | Трош. за надом. и др. прим. на член. на УО и НО | | | |
| 26. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27. | 444 | Трошоци за репрезентација | 465 | 6.146 | 1.321,72 |
| 28. | 445 | Трошоци за осигурување | 1.015 | 1.051 | 103,55 |
| 29. | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. член. и др. | | | |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 8.522 | | |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 1.156.609 | 1.608.648 | 139,08 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | | | |
| 39 | 700 | Трош. за продадени производи и услуги | 4.770.971 | 9.768.796 | 204,75 |
| 40 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 4.171.317 | 4.106.265 | 98,44 |
| | | **Вкупно расходи I** | **15.523.898** | **21.051.261** | **135,61** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **15.157.499** | **20.717.414** | **136,68** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 13.860.648 | 17.713.317 | 127,80 |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 70.409 | 39.565 | 56,19 |
| 3 | 764 | Вишоци | | | |
| 4 | 767 | Приходи од субвенции | | 195.273 | |
| | | **Вкупно приходи II** | **13.931.057** | **17.948.155** | **128,84** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-1.592.841** | **-3.103.106** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-1.226.442** | **-2.769.259** | |

## АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Работењето на спортските објекти во 2016 година го опфаќа работењето на базенот „Довлеџик“, Ски лифт „Чука“ и „Сапунчица“, и Бифе ски лифт.

Базенот „Довлеџик“ е даден под закуп, со што се остварува приход од закупнина.

Ски патеките, ски лифтовите, како и Бифе ски лифт се целосно ревитализирани. Со овие вложувања се подобрени ски патеките, се овозможи скијачите да имаат ноќно скијање, подобрени се и условите за скијање и забава на децата, се овозможи скијачите и останатите посетители да имаат подобри услови за одмор во чајџилницата и останатите засолништа што се дополнително изградени.

Целта на ова вложување е да се зголеми бројот на скијачи и останати љубители на планината кои ќе уживаат во прекрасните можности што ги нуди овај дел на Баба Планина. Остварените финансиски ефекти од работењето со спортските објекти во 2016 година се дадени во приложените табели.

.

## РАСХОДИ И ПРИХОДИ ВО СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ОСТВАРЕНИ ВО 2015 И 2016 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | Спортски објекти | | Индекс 2016/2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено во 2015 | Остварено во 2016 | |
| 1. | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 564.009 | 840.463 | 149,02 |
| 2. | 401 | Трошоци за материјали за админ. | | | |
| 3. | 402 | Трошоци за енергија за п-во | 622.969 | 483.146 | 77,56 |
| 4. | 403 | Трошоци за енергија за админ. | | | |
| 5. | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 31.860 | 51.782 | 162,53 |
| 6. | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | | | |
| 7. | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 4.902 | 23.443 | 478,23 |
| 8. | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | | | |
| 9. | 410 | Транспортни услуги | 3.034 | | |
| 10. | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 3.037 | 9.324 | 307,01 |
| 11. | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | |
| 12. | 413 | Услуги за одржување и заштита | 14.852 | 338.523 | 2.279,31 |
| 13. | 414 | Наем - лизинг | | 4.007 | |
| 14. | 415 | Комунални услуги | 16.706 | 8.245 | 49,35 |
| 15. | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16. | 419 | Останати услуги | 73.992 | 18.183 | 24,57 |
| 17. | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 1.003.535 | 1.040.423 | 103,68 |
| 18. | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | | | |
| 19. | 422 | Останати трошоци на вработените | | | |
| 20. | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | 191.510 | 575.262 | 300,38 |
| 21. | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | | | |
| 22. | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | | | |
| 23. | 440 | Дневн. за служб. патувања, ноќев. и патни трош. | | 2.930 | |
| 24. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | 18.240 | |
| 25. | 442 | Трош. за надом. и др. прим. на член. на УО и НО | | | |
| 26. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27. | 444 | Трошоци за репрезентација | 7.918 | 27.910 | 352,49 |
| 28. | 445 | Трошоци за осигурување | 48.884 | 8.851 | 18,11 |
| 29. | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. член. и др. | 180 | 134.847 | 74.915,00 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 90.768 | 160.682 | 177,02 |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | | 31.686 | |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | 51.402 | |
| 39 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | | | |
| 40 | 700 | Трош. за продадени производи и услуги | | | |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 99.375 | 94.082 | 94,67 |
| | | **Вкупно расходи I** | **2.777.531** | **3.923.431** | **141,26** |
| | | **Вкупно расходи без амор. Iа** | **2.586.021** | **3.348.169** | **129,47** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 837.561 | 416.313 | 49,71 |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | | | |
| 3 | 747 | Приходи од закуп | 140.847 | 43.561 | 30,93 |
| 4 | 764 | Вишоци | | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **978.408** | **459.874** | **47,00** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-1.799.123** | **-3.463.557** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Iа)** | **-1.607.613** | **-2.888.295** | |

## ОСТВАРЕН ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ - БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2016 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | Остварено во 2016 година | | | | Структ. во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Базен | Ски лифт | Бифе | Вкупно | |
| 1. | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | | 684.509 | 155.954 | 840.463 | 21,42 |
| 2. | 401 | Трошоци за материјали за админ. | | | | | |
| 3. | 402 | Трошоци за енергија за п-во | | 479.684 | 3.462 | 483.146 | 12,31 |
| 4. | 403 | Трошоци за енергија за админ. | | | | | |
| 5. | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | | 51.782 | | 51.782 | 1,32 |
| 6. | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | | | | | |
| 7. | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | | 7.503 | 15.940 | 23.443 | 0,60 |
| 8. | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | | | | | |
| 9. | 410 | Транспортни услуги | | | | | |
| 10. | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | | 9.324 | | 9.324 | 0,24 |
| 11. | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | | | |
| 12. | 413 | Услуги за одржување и заштита | | 315.300 | 23.223 | 338.523 | 8,63 |
| 13. | 414 | Наем - лизинг | | | 4.007 | 4.007 | 0,10 |
| 14. | 415 | Комунални услуги | | | 8.245 | 8.245 | 0,21 |
| 15. | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | | | |
| 16. | 419 | Останати услуги | 6.150 | | 12.033 | 18.183 | 0,46 |
| 17. | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | | 636.514 | 403.909 | 1.040.423 | 26,52 |
| 18. | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | | | | | |
| 19. | 422 | Останати трошоци на вработените | | | | | |
| 20. | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | 12.699 | 483.887 | 78.677 | 575.262 | 14,66 |
| 21. | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | | | | | |
| 22. | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | | | | | |
| 23. | 440 | Дневн. за службен. патувања, ноќев. и патни трош. | | 2.330 | 600 | 2.930 | 0,07 |
| 24. | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | 18.240 | | 18.240 | 0,46 |
| 25. | 442 | Трош. за надом. и др. прим. на член. на УО и НО | | | | | |
| 26. | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | | | |
| 27. | 444 | Трошоци за репрезентација | | 16.660 | 11.250 | 27.910 | 0,71 |
| 28. | 445 | Трошоци за осигурување | | 7.018 | 1.833 | 8.851 | 0,23 |
| 29. | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. член. и др. | 130.940 | | 3.907 | 134.847 | 3,44 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 99.082 | 61.600 | | 160.682 | 4,10 |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | | | 31.686 | 31.686 | 0,81 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | | | |
| 37 | 469 | Останати расходи од работењето | 51.402 | | | 51.402 | 1,31 |
| 38 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | | | | | |
| 39 | 700 | Трош. за продадени производи и услуги | | | | | |
| 40 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | 94.082 | 94.082 | 2,40 |
| | | **Вкупно расходи I** | **300.273** | **2.774.351** | **848.808** | **3.923.431** | **100,00** |
| | | **Вкупно расходи без амор. Ia** | **287.574** | **2.290.464** | **770.131** | **3.348.169** | |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | | | 416.313 | 416.313 | 90,53 |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | | | | | |
| 3 | 747 | Приходи од закуп | 43.561 | | | 43.561 | 9,47 |
| 4 | 764 | Вишоци | | | | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **43.561** | | **416.313** | **459.874** | **100,00** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-256.712** | **-2.774.351** | **-432.495** | **-3.463.557** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-244.013** | **-2.290.464** | **-353.818** | **-2.888.295** | |

## ЗАКЛУЧНО МИСЛЕЊЕ

Во 2016 година Јавното Претпријатие „Стрежево“ покажува позитивни резултати во работењето. Тоа е видливо во работењето во основната водостопанска дејност, во работењето на енергетиката, каде се постигнати позитивни резултати во поглед на производството на електрична енергија. Добри резултати се остварени и во аквакултура - производство на риби.

Овај тренд на позитивни движења во работењето, имаше одраз и во постигнатите финансиски резултати.

Има незначително зголемување на трошоците во 2016 година во споредба со 2015 година за 2,59 индексни поени, како резултат на зголемената деловна активност во однос на минатата година. Кај приходите во 2016 година има зголемување за 1,86 индексни поени во однос на минатата година.

Ако го анализираме деловниот резултат без амортизација, остварени се повеќе приходи од расходи во износ од 39.818.711 денари, или во споредба со минатата година има опаѓање за 9,79 индексни поени.

Сите овие показатели укажуваат на зголемената ликвидност на претпријатието, со што се овозможи редовно и без закаснување да се намируваат целокупните обврски кон заедницата, вработените и добавувачите.

Како и секогаш можи и добрите резултати да бидат уште подобри, па затоа се предлагаат сет на мерки во таа насока:

1. Мерки за подобрување на ликвидноста

- утврдување на коефициентите на моменталната, тековната и забрзаната ликвидност како и финансиската стабилност;
- навремена наплата на побарувањата и примена на присилни методи на наплата со намалување на роковите за наплата.
- ажурирање на фактурите за затезни камати од купувачите;
- точно и навремено плаќање на паричните токови;
- дефинирање на минималните, максималните и оптималните залихи на сите видови;
- зголемување на продажбата со примена на нови мерки на продажна политика.

2. Мерки за подобрување на работењето

- заострување на личната и колективната одговорност кај секој работник без исклучок;
- изработка на месечни оперативни планови;
- подобро и поефикасно организирање на техничко-технолошката подготовка на оперативните работи;
- воспоставување на поголема и посигурна контрола за време на работата, како и контрола на работниците кои се на боледување, и формирање на посебни органи за таа цел.

3. Контрола на трошоците, штедење и економска анализа

- посебно внимание да се посвети на оние трошоци кои значајно учествуваат во вкупните трошоци;
- контрола на материјалните трошоци, гориво, ситен инвентар, дневници и плати;

- следење на трошоците според работните налози;
- залихите на материјали на резервни делови да се држат на оптимално ниво.

4. Планирање и контрола на извршените работи

- долгорочно планирање;
- фиксно следење на месечните и годишните планови;
- во секој момент треба да се има точен преглед на сите договорени работи, отворени работни налози и распореденоста на одделните и вкупните капацитети;
- утврдување на односот на планираниот резултат од работењето и како тој се остварува.